# совет за етика во медиумите на македонија

01.09.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Тодор Трпевски, за видеото со наслов "Полицаец му прави "романтично" запросување на својот дечко на геј парадата во Лондон", објавено на 30.06.2016 година, на Интернет порталот Мотика (www.motika.com.mk)**

**Ж А Л Б А Т А  С Е  О Т Ф Р Л А**

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 30.06.2016 година, Тодор Трпевски поднесе жалба за видеото со наслов "Полицаец му прави "романтично" запросување на својот дечко на геј парадата во Лондон", објавено на 30.06.2016 година, на Интернет порталот Мотика (www.motika.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во видеото известувањето е неточно и нефер, дека има пристрасност во информирањето, навреда и нерамноправност на половите.

Комисијата за жалби се огласува за ненадлежна по оваа жалба, бидејќи станува збор за Интернет портал кој што не се занимава со информативни и аналитички жанрови, туку објавува содржини единствено од сатиричен контекст.

Комисијата за жалби апелира до сите Интернет портали и администраторите на истите, да внимаваат на коментарите на корисниците и да ги бришат сите коментари во кои се забележува говор на омраза.

Комисијата за жалби ги потсетува Интернет порталите на пресудата Delfi AS v. Estonia на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, дека тие може да бидат одговорни за јасно незаконската содржина ставена на нивниот портал од трети лица. Притоа, иако порталот на вести не е автор на предметните коментари, тој може да биде одговорен за ваквите објавувања, при што слободата на изразување на медиумот (член 10 од Европската конвенција за човекови права) да не биде повредена.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски и Теофил Блажевски.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595